Национална Агенција за
Европски Образовни Програми
и Мобилност

Education and Culture DG
Lifelong Learning Programme

# Прирачник за корисници

# ТРАНСФЕР НА ИНОВАЦИИ

## За секторската програмата Леонардо да Винчи

**2012**

## Содржина:

За што служи прирачникот....3

Вовед во Програмата Леонардо да Винчи....3

- Основни податоци за Програмата Доживотно учење....3
- Програма: Леонардо да Винчи....3
- Цели на програмата Леонардо да Винчи....4

Земји учесници во Програмата....5

Што е Трансфер на иновации....5

Кој може да аплицира за Леонардо Трансфер на иновации....6

Како до оригинална и креативна предлог идеа....7

Квалитативни критериуми за добар проект Трансфер на иновации....7

Клучни информации....8

**ФИНАНСИИ**

Подобни трошоци ....9

Специфични трошоци кои не можат да се докажат....9

Неподобни трошоци....9

**ДРУГИ ПОТРЕБНИ ИНФОРМАЦИИ**

Европски приоритети....10

Ефекти од проектот....10

Одржливост на проектот....11

**ЗА ШТО СЛУЖИ ПРИРАЧНИКОТ?**

Водичот служи за Македонските организации, приватни или јавни, легално регистрирани, кои се вклучени во стручното образование и обука и кои се заинтересирани да аплицираат за проекти, да можат да се информираат и да се здобијат со податоци во врска со Програмата Леонардо да Винчи, конкретно за Трансфер на иновации. Содржи корисни информации за општите и финансиите правила, и нуди одговор на прашања кои се често поставувани и претставуваат интерес на оние кои сакаат да се вклучат во Програмата.

**ВАЖНО!!!** Институции од Република Македонија не можат да учествуваат во Трансфер на иновации во 2012 година.

**ВОВЕД ВО ПРОГРАМАТА**

- **Основни податоци за Програмата Доживотно учење (LLP)**

Програмата Доживотно учење им овозможува на лицата кои се во било кој степен од нивните животи да се вклучат во едукативни активности насекаде во Европа. Има четири програми кои се фокусираат на различни нивоа на образование и обука: КОМЕНИУС, ЛЕОНАРДО ДА ВИНЧИ, ЕРАЗМУС, ГРУНДВИГ.

- **Програма: ЛЕОНАРДО ДА ВИНЧИ**

**Леонардо да Винчи** програмата овозможува соработка во полето на стручното образование и обука. Основни цели на Леонардо да Винчи се првенствено овозможување на организациите кои се поврзани со стручно образование и обука да работат со европски партнери, да вршат размена на најдобрите практики, да ја зголемат стручноста на нивниот персонал, ученици, вработени итн. Затоа и ги поддржува напорите да се направи стручното образование попривлечно за младите луѓе.

- Акциите во Леонардо да Винчи се поделени на две групи:

**Децентрализирани:** акции кои се во надлежност на Националните агенции, а тие се во целост одговорни за нивното имплементирање.

- Мобилност

  -Подотвителни посети

  -ИВТ - Почетна стручна обука;

-ПЛМ - Луѓе на пазарот на трудот;

-ВЕТПРО - Професионалци во стручно образование и обука.

• Партнерства

• Трансфер на иновации

**Централизирани:** акции кои се во надлежност на Извршна агенција за nобразование, култура и аудиовизуелна политика (Education, Audiovisual and Culture Executive Agency):

• Мултилатерални проекти: кои се наменети за подобрување на системите за обуки преку фокусирање на развојот на иновации и добро работење.

• Тематски мрежи: на експерти и организации кои работат во специфични подрачја поврзани со образование и обука.

• Придружни мерки: за промовирање на целите на програмата "Леонардо да Винчи".

- **Цели на програмата Леонардо да Винчи**

-Да ги поддржи учесниците во обука, при понатамошното обучување и употребата на знаењето, а со тоа за унапредување на личниот развој преку подобрувањето на способностите и квалификациите;

-Подобрување на квалитетот и поддршка на иновацијата во стручното образование и обука, во институции и претпријатија;

-Да ја заголеми атрактивноста на стручното образование и обука и мобилноста на вработените и физичките лица, како и да ја поддржи мобилноста на практикантите (стажанти).

**Оперативни (работни) цели**

• Да ја подобри и да ја зголеми мобилноста на луѓето низ Европа кои се вклучени во стручното образование и обука и во континуирана обука, да се зголеми бројот на стажирања во претпријатијата, за најмалку 80 000 стажанти во година, до крајот на програмата "Доживотно учење" (LLP-Lifelong Learning Programme) ;

• Да ја подобри и да ја зголеми соработката меѓу институциите и организациите, фирмите и социјалните партнери и другите релевантни тела низ Европа;

• Поддршка за развивање иновативни практики во полето на стручното образование и обука надвор од терцијално ниво, вклучувајќи трансфер од една држава во друга;

• Поддршка на транспарентноста и признавањето на квалификациите и знаењата, вклучувајќи ги и оние кои се здобиени преку неформално и информално учење;

• Да ги поттикне учесниците за учење модерни странски јазици;

• Да го поддржи развојот на иновативни компјутерски технологии, пристапи и примени на програмата "Доживотно учење" (LLP-Lifelong Learning Programme

**ЗЕМЈИ УЧЕСНИЦИ ВО ПРОГРАМАТА**

Земји учесници во програмата Леонардо да Винчи се:

- 27 земји-членки на Европската Унија (Австрија, Белгија, Бугарија, Велика Британија, Грција, Германија, Данска, Естонија, Ирска, Италија, Кипар, Литванија, Летонија, Луксембург, Малта, Полска, Португалија, Романија, Словенија, Словачка, Унгарија, Франција, Финска, Холандија, Чешка, Шпанија и Шведска).

- Исланд, Лихтенштајн Норвешка и Швајцарија (European Free Trade Association (EFTA-EEA) – т.е. оние кои се членки на Европската слободна трговска асоцијација и кои припаѓаат на Европскиот економски простор)

- Турција и Хрватска

**ШТО Е ТРАНСФЕР НА ИНОВАЦИИ**

Целта на Леонардо да Винчи Мултилатералните проекти "Трансфер на иновации" е да го докажат квалитетот и атрактивноста на Европскиот систем за стручно образование и обука со адаптирање и интегрирање иновативни содржини и резултати од претходни Леонардо да Винчи проекти, или од други иновативни проекти во јавни и/или приватни стручни тренинг системи и компании на национално, локално, регионално, или секторско ниво.

Процесот на трансфер на иновации, содржини на обука или резултати го содржи следното:

- Идентификација и анализа кон што се цели за потребите на корисниците;
- Селектирање и анализа на иновативни содржини, со цел да им се излезе во пресрет на овие потреби и анализа на спроведување на трансферот;
- Негова интеграција или сертификација во европски, национален, регионален, локален и/или секторски тренинг систем или вежби.

Ова подразбира:

- Негово прилагодување во тренинг системите, културата, потребите на корисниците (модернизирање на продуктот, итн.);
- Негово трансферирање во нови социо-културни и лингвистички контексти;
- Негово користење во нови сектори и нови целни групи, и негово вклучување во јавни или приватни структури за обука.

**КОЈ МОЖЕ ДА АПЛИЦИРА ВО ТРАНСФЕР НА ИНОВАЦИИ**

- Институции или организации кои обезбедуваат можности за учење во областите опфатени со Леонардо да Винчи програмата;
- Асоцијации и нивни претставници кои се вклучени во стручното образование и обука, вклучително и асоцијации на практиканти, родители и наставници;
- Претпријатија, социјални партнери, и други претставници од работната сфера, вклучително и стопански комори и други трговски организации;
- Тела кои обезбедуваат водство, советување и информативни услуги кои се поврзани со аспекти од доживотното учење;
- Тела одговорни за системи и политики кои се однесуваат на аспекти од доживотното учење во стручното образование на национално, регионално и локално ниво;
- Истражувачки центри и тела кои се занимаваат со прашања поврзани со доживотното учење;
- Високообразовни институции;
- Непрофитни организации, волонтерски тела, невладини организации.

**КАКО ДО ОРГИНАЛНА И ИНОВАТИВНА ПРЕДЛОГ ИДЕА**

Леонардо да Винчи програмата охрабрува (помага) предлози со конкретни производи кои би можеле да се адаптираат и трансферираат во новиот контекст. Иновацијата е клучниот принцип на програмата, па оттука е многу важно да можете да прикажете како вашиот производ ќе создаде иновативно решение на проблемот во новиот контекст. Иновативноста може да биде прикажана во широк поим: нови потреби, нови производи/методи/пракси/алатки, нови целни групи, нови сектори, нови партнерства, нови преносни методи, итн.

Претходните успешни ТОИ (Transfer of Innovation - TOI) корисници се силно охрабрени да го прикажат бенефитот од нивните нови апликации во компарација со нивните претходни проекти. Новиот контекст и нивото на иновативност ќе биде проценето во детали од проценители за да се докаже дека вистинските проекти биле финансирани.

Ако се чувствувате несигурни во тоа дали вашата идеа или предлог продукт се иновативни, постојат две Европски дата бази кои можете да ги користите:

- Leonardo Compendium (1995 – 2006)
- ADAM Projects and Products Portal.

**КВАЛИТАТИВНИ КРИТЕРИУМИ ЗА ДОБАР ПРОЕКТ - ТРАНСФЕР НА ИНОВАЦИИ**

За да напишете добра предлог идеја, за вас е многу важно да знаете како ќе биде оценета Вашата идеја. Во прилог следи листа на позитивно оценети критериуми за ТОИ проекти кои се специфицирани и во Водичот за Програмата за Доживотно учење 2012: Дел IIB – Објаснување по акции објавен од Европска Комисија.

| |
|---|
| **1. Квалитет на работната програма** |
| Работната програма дефинира и дистрибуира работни задачи/активности на таков начин како што резултатите ќе се архивираат на време и во согласност со буџетот. |
| **2. Иновативен карактер** |
| Проектот треба да создаде решение за идентификување и решавање на потребите на целните групи, со понуда на иновативно решение кое ги зема предвид обуките и развојот на вештини и компетенции. Овие решенија треба да резултираат во адаптирање и трансферирање иновативни потреби кои веќе егзистираат и постојат во други земји и сектори во економијата. |
| **3. Квалитет на конзорциум** |
| Конзорциумот ги собира на едно место (заедно) сите вештини и компетенции потребни за создавање на работната програма, и прави распределување на задачите на самите партнери. |
| **4. Европска вредност** |
| Бенефитот и потребата за Европска соработка треба да бидат јасно прикажани. |
| **5. Кост-бенефит размер** |
| Прикажаната вредност на средства за временска рамка на планираните активности треба да соодветствува со предвидениот буџет во апликацијата. |
| **6. Релевантност** |
| Апликацијата е јасно позиционирана во една од областите во Повикот за проекти. Резултатите се во согласност со специфичните, оперативни цели на Програмата. |
| **7. Ефект** |
| Ефектот врз целните групи, стручните тренери и системи е доста значаен. |
| **8. Квалитет на план за валоризација (дисеминацијаи експлоатација на резултати)** |
| Планираните активности за дисеминација и експлоатација ќе обезбедат оптимална искористеност на резултатите над самите учесници во проектот, за време на имплементацијата на проектот и над животниот циклус на проектот. |
| **9. Национални приоритети** |
| Повикот јасно одговара со еден или повеќе Национални приоритети и создаваат учество генерално во ВЕТ системите и праксите. |

**КЛУЧНИ ИНФОРМАЦИИ**

- Следниот краен рок за аплицирање за Трансфер на информации ќе биде Февруари 2012 година.
- Потребни се најмалку 3 партнери од 3 различни земји учеснички за аплицирање.
- Можете да ја искористите акцијата Подготвителни посети за да запознаете партнери за вашиот проект.
- Проектите траат 1 до 2 години
- Координаторот треба да аплицира во својата Национална агенција и ќе биде одговорен за финансирањето на сите партнери.
- Партнерот мора да придонесе најмалку 25% од вкупниот буџет на проектот.

**ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА**

***<u>Подобни трошоци</u>***

Следните трошоци се прифатени како подобни трошоци за проектот:

- Мора да се во корелација со активности направени во земји квалификувани во Програмата. Сите трошоци направени надвор од овие земји или организации кои не се во листата на квалификувани земји се не подобни трошоци, освен во случај ако тие се неопходни да се направат за комплетирање на акцијата и треба да бидат оправдани (да има известување) во апликацијата и во завршниот извештај.
- Тие мора да бидат направени од правни субјекти/институции.
- Трошоците мора да бидат поврзани со проектот.
- Трошоците мора да бидат неопходни за перформансите на проектот.
- Тие мора да бидат оправдани и во корелација со принципите на финансискиот менаџмент.
- Трошоците мора да бидат направени за време на животниот циклус на проектот.
- Трошоците мора да бидат препознатливи и да можат да се докажат дека се направени.

***<u>Специфични трошоци кои не можат да се докажат:</u>***

- Персонални трошоци за имплементација на активностите опишани во предлогот.
- Пат, сместување и дневни трошоци направени за спроведување на акцијата.
- Трошоци поврзани со производство на предложените продукти.
- Трошоци поврзани со специфични активности (интерпретација, итн)
- Трошоци поврзани со надворешна евалуација, развој на веб страна и превод

- Трошоци за објави и дисеминација

***<u>Неподобни (неквалификувани) трошоци</u>***

Следните трошоци не треба да бидат вклучени во апликацијата:

- Поврат на капиталот.
- Долгови и надомест за сервисирање на долг.
- Одредби за загуба и потенцијални идни обврски (одредби за договорни и морални обврски, парични казни, финансиски казни и правни трошоци).
- Камата што се должи.
- Сомнителни побарувања.
- Загуба од курсна разлика.
- ДДВ, освен доколку апликантот покаже дека не може да го поврати.
- Трошоци пријавени од апликантот, а покриени со друга акција или работна програма од грантот на Европската Унија, или било кој друг извор на финансирање.
- Прекумерни или непромислени трошоци.
- Набавка на основни средства (актива).
- Во случај на изнајмување на опрема, трошокот за било која опција за откупување на истекот на периодот на изнајмување.
- Трошоци поврзани со подготовката на апликацијата за Програмата Доживотно учење.
- Трошоци за отворање и функционирање на банковни сметки (трошоците за префрлање на средства се подобни).
- Трошоци кои се настанати во врска со некој потребен документ, кој треба да се достави заедно со апликацијата (извештаи од ревизијата, итн.).

## ЕВРОПСКИ ПРИОРИТЕТИ

Сите апликанти за Леонардо Трансфер на иновации потребно е да аплицираат под еден од следните Европски приоритети:

***Европски приоритет 1*** Транспарентност и препознатливост на квалификациите.

***Европски приоритет 2*** Развој на квалитет и атрактивност на ВЕТ системи и пракси.

***Европски приоритет 3*** Развој на професионални (стручни) вештини за потребите на пазарот на трудот, нова вештина за нова работа.

***Европски приоритет 4*** Развој на вештини и компетенции на ВЕТ наставници, обучувачи и ментори.

Многу е важно за добар предлог да се демонстрира добра врска помеѓу избраниот приоритет и наведената цел, објективност и активност во апликацијата.

**ЕФЕКТИ ОД ПРОЕКТОТ**

Импакт подразбира да се има ефект или влијание на нешто. За ТОИ, максимизирањето на ефектот подразбира правење разлика помеѓу индивидуалните активности и проектот. Ефектот може да биде краток или долг но важно е производите, резултатите и пронајдоците да имаат ефект во искористувањето. Важно е да се има ефект што другите луѓе или проекти ќе имаат корист од тоа. Тоа може да креира нова можност за вашите партнери или повисока можност во искористувањето на продуктите.

Двете стратегии, на дисеминација и експлоатација, како и евалуацијата на активностите, се важни и помагаат проектот да создаде ефект. Уште од самиот старт на проектните активности треба да Ве води мислата за ефектите од проектот и затоа треба да бидете многу јасни при поставувањето на целта на проектот уште при пополнување на самата апликација.

Од Вашиот проект за Трансфер на иновации можат да произлезат различни типови на резултати. Тие може да вклучуваат методологии, тренинзи и акредитирани курсеви. Ефектот од овие резултати може да биде краткорочен или долгорочен. Некои од резултатите може да бидат од одржлив или неодржлив карактер.

Вашите активности исто така можат да имаат различен ефект врз различни акционери. Вашите резултати може да имаат позитивен ефект но некогаш може да имаат негативен ефект на различни групи.

**ОДРЖЛИВОСТ НА ПРОЕКТОТ**

Имплементацијата на проектите Трансфер на иновации треба да се лидери во генерирање вредности на ВЕТ во Европа.

Одржливоста значи дека клучните активности и резултати од проектот продолжуваат да даваат корист на целната група и по завршувањето на проектот и ЕУ финансирањето. Одржливоста на проектот треба да генерира директни или индиректни долгорочни ефекти на структури, сектори или системи во опкружувањето.

Одржливоста не мора да ги искористи сите аспекти на проектот. Во одредени проекти некои активности или резултати можеби можат да се искористат, додека други можеби не се потребни да се искористат. Тоа значи дека проектот може да се земе како одржлив ако значајните активности од него резултираат во развој и по завршувањето на ЕУ финансирање.